# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 7.4. и 8.4.2010 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија во 2009 година, и на Општа седница одржана на 12.05.2010 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд, во остварување на својата надлежност согласно Законот за судовите, на проширената Општа седница ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија. Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд за тоа како функционираат судовите во Република Македонија, дали тие се ефикасни во обезбедувањето на правдата, непристрасни во примената на правото и квалитетни во обезбедувањето на заштитата на основните човекови права и слободи, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд, како највисок суд во Републиката.

Судовите како носители на судската власт се еден од носечките столбови на правната држава и согласно Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори се задолжени непристрасно да го применуваат правото без оглед на положбата и својството на странките, да ја унапредуваат во рамките на судската функција заштитата и почитувањето на човековите права и слободи и да обезбедат правна сигурност на секој граѓанин на Република Македонија.

Судството кое обезбедува заштита на основните човекови права и слободи кои не само што се универзални и уживаат меѓународна заштита, туку од нив во суштина зависи стабилноста, мирот и правдата во секоја современа демократска држава, во своето функционирање, неопходно мора да ја има поддршката на законодавната и извршната власт за приоритет во неговиот развој и изградба.

Потребна е многу повеќе материјална и финансиска сигурност и соодветно ниво на правна култура во воспоставување традиција на развивање и негување на самостојни, независни судски институции и механизми.

Од посебно значење за судството е соработката на Република Македонија со Европската Унија на полето на правдата, создавање современо право комактибилно со правото на европските земји, која соработка треба да ја насочиме кон квалитетна и успешна примена на новите закони и ратификувани меѓународни норми и стандарди.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, констатира дека во обезбезбедувањето на независноста и самостојноста, професионализам, авторитет и ефикасност на судството во Република Македонија, потребно е:

- Постојано создавање услови за подобрување на ажурноста во работењето на судовите;
- користење на новата информатичка технологија на водење на предметите АКМИС и WEB страните на судовите во РМ);
- постојано усовршување на професионализмот и стручноста на судиите и судската администрација преку континуирана едукација и оспособување;
- почитување на самостојноста на судијата, но и одговорност за стручно и совесно вршење на судската функција;
- негување на судскиот морал, етика и висок професионализам кои се сигурна основа за подигање на јавната доверба на граѓаните кон судиите и судовите;
- општествено и материјално вреднување на судството, подобрување на угледот и враќање на авторитетот и дигнитетот на судската функција.

**2.Состојба со предметите во 2009 година**

Податоците во рефератите по извештаите, покажуваат дека судовите во Република Македонија во 2009 година вложиле голем напор и станува збор за голем број на донесени одлуки.

Во 2009 година според прегледот од Извештаите, состојбата со предметите (остаток од претходна година, новопримени и решени), по судови е следна:

| р.бр | суд | нерешени | новопримени | вкупно во работа | решени | нерешени | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(5-6) | 8(6-4) |
| 1 | **Апелационен суд Скопје** | 2.744 | 19.276 | 22.020 | 17.792 | 4.228 | -1.484 |
| 2 | **Апелационен суд Битола** | 1.411 | 10.203 | 11.614 | 9.414 | 2.200 | -789 |
| 3 | **Апелационен суд Штип** | 549 | 6.283 | 6.832 | 6.085 | 747 | -198 |
| 4 | **Апелационен суд Гостивар** | 1.576 | 4.287 | 5.863 | 4.244 | 1.619 | -43 |
| | **Вкупно предмети апелациони судови** | **6.280** | **40.049** | **46.329** | **37.535** | **8.794** | **-2.514** |
| 1 | **Основен суд Скопје I** | 62.117 | 86.082 | 148.199 | 93.376 | 54.823 | 7.294 |
| 2 | **Основен суд Скопје II** | 515.407 | 153.496 | 668.903 | 100.296 | 568.607 | -53.200 |
| 3 | **Основен суд Велес** | 27.911 | 20.646 | 48.557 | 28.257 | 20.300 | 7.611 |
| 4 | **Основен суд Гевгелија** | 4.874 | 14.168 | 19.042 | 16.793 | 2.249 | 2.625 |
| 5 | **Основен суд Кавадарци** | 6.388 | 10.102 | 16.490 | 14.138 | 2.352 | 4.036 |
| 6 | **Основен суд Кратово** | 1.022 | 2.309 | 3.331 | 2.921 | 410 | 612 |
| 7 | **Основен суд Крива Паланка** | 886 | 3.956 | 4.842 | 4.076 | 766 | 120 |
| 8 | **Основен суд Куманово** | 44.097 | 31.640 | 75.737 | 32.980 | 42.757 | 1.340 |
| 9 | **Основен суд Неготино** | 13.557 | 6.694 | 20.251 | 6.613 | 13.638 | -81 |
| 10 | **Основен суд Гостивар** | 36.053 | 33.156 | 69.209 | 32.683 | 36.526 | -473 |
| 11 | **Основен суд Дебар** | 2.473 | 5.728 | 8.201 | 6.265 | 1.936 | 537 |
| 12 | **Основен суд Кичево** | 2.217 | 15.527 | 17.744 | 15.065 | 2.679 | -462 |
| 13 | **Основен суд Тетово** | 54.228 | 43.247 | 97.475 | 50.675 | 46.800 | 7.428 |
| 14 | **Основен суд Битола** | 32.779 | 36.887 | 69.666 | 37.404 | 32.262 | 517 |
| 15 | **Основен суд Крушево** | 3.045 | 2.130 | 5.175 | 2.194 | 2.981 | 64 |
| 16 | **Основен суд Охрид** | 22.380 | 16.577 | 38.957 | 20.652 | 18.305 | 4.075 |
| 17 | **Основен суд Прилеп** | 46.843 | 34.374 | 81.217 | 39.322 | 41.895 | 4.948 |
| 18 | **Основен суд Ресен** | 1.662 | 3.081 | 4.743 | 3.620 | 1.123 | 539 |
| 19 | **Основен суд Струга** | 9.917 | 14.704 | 24.621 | 13.959 | 10.662 | -745 |
| 20 | **Основен суд Берово** | 1.015 | 4.769 | 5.784 | 5.170 | 614 | 401 |
| 21 | **Основен суд Виница** | 675 | 3.657 | 4.332 | 3.863 | 469 | 206 |
| 22 | **Основен суд Делчево** | 1.052 | 3.804 | 4.856 | 3.866 | 990 | 62 |
| 23 | **Основен суд Кочани** | 11.360 | 12.118 | 23.478 | 12.838 | 10.640 | 720 |
| 24 | **Основен суд Радовиш** | 3.570 | 6.979 | 10.549 | 8.163 | 2.386 | 1.184 |
| 25 | **Основен суд Свети Николе** | 1.283 | 4.151 | 5.434 | 3.947 | 1.487 | -204 |
| 26 | **Основен суд Струмица** | 10.089 | 25.722 | 35.811 | 26.870 | 8.941 | 1.148 |
| 27 | **Основен суд Штип** | 10.586 | 18.565 | 29.151 | 17.569 | 11.582 | -996 |
| | **Вкупно предмети основни судови** | **927.486** | **614.269** | **1.541.755** | **603.575** | **938.180** | **-10.694** |

| р.бр | суд | нерешени | новопримени | вкупно во работа | решени | нерешени | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(5-6) | 8 (4-6) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Врховен суд на РМ** | **1.340** | **2.610** | 3.950 | **2.827** | 1.123 | 217 |
| | **Управен суд** | **9.154** | **9.043** | 18.197 | **7.857** | 10.340 | -1.186 |
| | **Вкупно предмети апелациони судови** | **6.280** | **40.049** | 46.329 | **37.535** | **8.794** | **-2.514** |
| | **Вкупно предмети основни судови** | **927.486** | **614.269** | 1.541.755 | **603.575** | **938.180** | **-10.694** |
| | **Вкупно предмети во сите судови** | **944.260** | **665.971** | **1.610.231** | **651.794** | **958.437** | **-14.177** |

Споредбено со претходната година, произлегува дека судовите 2009 година ја почнале со помал заостаток на предмети, 2008 ја почнале со заостаток од **1.093.552** предмети, а 2009 година со **944.260** предмети (за **149.292** предмети помалку или **15,80%**).

Во 2009 година споредено со 2008 година, примени се повеќе предмети. Во 2008 година примени се нови **631.210** предмети, а во 2009 година **665.971** нови предмети (што е за **34.761** предмет повеќе од 2008 или **5,5%**).

Оттука, вкупно во работа во 2009 година судовите имале **1.610.231** предмети, а во 2008 година **1.724.762** предмети (што е за **114.531** предмет помалку или **7,1%**).

Судовите во 2009 година решиле вкупно **651.794** предмети, а во 2008 година **780.041** предмети (што е за **128.247** предмети помалку или **19,7%**).

Во 2008 останале нерешени **944.721** предмети, а на крајот на 2009 останале нерешени **958.437** предмети. (што е за **13.716** предмети повеќе или **1,45%**).

Основните судови 2009 година ја започнале со нерешени **927.486** предмети, примиле нови **614.269** предмети или во 2009 година имале вкупно во работа **1.541.755** предмети. Од овие решени се **603.575**, со што останале нерешени **938.180** предмети. (Со тоа основните судови го зголемиле заостатокот за **10.694** предмети.)

Апелационите судови 2009 година ја започнале со нерешени **6.280** предмети, примиле нови **40.049**, со што вкупно во работа имале **46.329** предмети. Во 2009 година Апелационите судови решиле **37.535** предмети што споредбено со 2008 кога решиле **35.621 произлегува дека во 2009 година решиле повеќе 1.914 предмети или 5,4%**.

Управниот суд ја почнал 2009 година со **9.154** нерешени предмети, примил нови **9.043** предмети со што вкупно во работа имал **18.197** предмети.

Во 2009 година решил **7.857** предмети со што останале нерешени **10.340** предмети. Со тоа Управниот суд не успеал да го совлада приливот на нови предмети за **1.186** предмети.

Иако бројот на решени предмети во основните судови во 2009 година **603.575** е помал од бројот на решени предмети во 2008 година **736.452**, сепак по судови, се констатира дека во 2009 година повеќе судови успеале да го совладаат приливот и да решаваат од заостатокот.

Во 2009 година 20 од вкупно 27 основни суда, го совладале приливот, а решавале и од заостатокот и тоа:

**1.Основен суд Скопје I Скопје** за 7.294 предмети;

**2.Основен суд Велес** за 7.611 предмети;
**3.Основен суд Гевгелија** за 2.625 предмети;
**4.Основен суд Кавадарци** за 4.036 предмети;
**5.Основен суд Кратово** за 612 предмети;
**6.Основен суд Крива Паланка** за 120 предмети;
**7.Основен суд Куманово** за 1.340 предмети;
**8.Основен суд Дебар** за 537 предмети;
**9.Основен суд Тетово** за 7.428 предмети;
**10.Основен суд Битола** за 517 предмет;
**11.Основен суд Крушево** за 64 предмети;
**12.Основен суд Охрид** за 4.075 предмети;
**13.Основен суд Прилеп** за 4.948 предмети;
**14.Основен суд Ресен** за 539 предмети;
**15.Основен суд Берово** за 401 предмети;
**16.Основен суд Виница** за 206 предмети;
**17.Основен суд Делчево** за 62 предмет;
**18.Основен суд Кочани** за 720 предмети;
**19.Основен суд Радовиш** за 1.184 предмети;
**20.Основен суд Струмица** за 1.148 предмети;

Согласно податоците повеќе основни судови го совладале приливот, решавале и од заостатокот освен следните судови:

Основен суд Скопје II Скопје, кој во 2009 година го зголемил заостатокот за 53.200 предмети; Основниот суд Неготино за 81 предмет; Основниот суд Гостивар за 473 предмети; Основниот суд Кичево за 462 предмети; Основен суд Струга за 745 предмети; Основен суд Свети Николе за 204 предмети и Основен суд Штип за 996 предмети.

Апелационите судови и Управниот суд не успеале да го совладаат приливот на нови предмети.

**3.Персонален состав**

Податоците за кадровската состојба, број на судии, стручни и советници со судската администрација, се значајни од аспект на капацитетот на човечките ресурси кои треба да го направат судството поефикасно и поквалитетно.

- Во 2007 година, судската функција ја извршувале 632 судии, во 2008 година 660 судии, а во 2009 година 635судии.

- Во 2007 година вкупно се завршени 790.443 предмети, во 2008 година вкупно се завршени 780.041 предмети, а во 2009 година вкупно се завршени 651.794 предмети.

- Вкупен број на судии, стручни и администрација во 2007 година 2.793, во 2008 година 2.877 и во 2009 година 2.912

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО СУДОВИ

**УПРАВЕН СУД**

**Управниот суд** претходната година ја завршил со заостаток од **9.154** предмети, а во извештајниот период примени се **9.043** предмети, или вкупно во работа во судот биле **18.197** предмети. Во текот на годината решени се **7.857** предмети, а останале нерешени **10.340** предмети.

Ако се има предвид бројот од **7.857** решени предмети за 2009 година, произлегува дека месечниот просек на решени предмети изнесува **748** предмети.

Вкупниот број на нерешени предмети **10.430** претставува **13,8** месечен заостаток, поради што Управниот суд според критериумите на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, спаѓа во групата на **неефикасни судови.**

Работата по предметите во овој суд се одвива во шест специјализирани оддели и тоа:

**Оддел за имотно-правна област, катастар и образование,** каде функционира еден совет и просекот на решени предмети по судија изнесува по **31** предмет месечно.

**Одделот за денационализација, експропријација, деекспропријација и трансформација,** е оддел во кој функционираат два совети и тоа втор совет и седми совет, каде судиите од вториот совет решиле **884 предмети,** а од седмиот совет **776 предмети.** Просекот на решени предмети по судија во вториот совет изнесува **28** предмети месечно, а во седмиот совет **25** предмети месечно.

Во **Одделот за урбанизам, градеништво, водостопанство, земјоделство, стопанство, сообраќај и врски, игри на среќа и радио дифузија,** функционира еден совет и просекот на решени предмети по судија изнесува **32 предмети** месечно.

Во **Одделот за пензии и други права од пензиско и инвалидско осигурување, права по основ на социјална заштита, права по основ на здравствено осигурување, права од здравствено-санитарен надзор и контрола, надзорни мерки на инспекторат на трудот,** функционира еден совет и просекот на решени предмети по судија изнесува **36 предмети** месечно.

Во **Одделот за јавни набавки, права по основ на невработеност, јавни давачки, даноци, придонеси, работни односи, акцизи, разрешување од должност, адвокати, економија, конкуренција, централен регистар, пристап до информации-јавен карактер,** функционира еден совет и просекот на решени предмети по судија изнесува **30 предмети** месечно.

Во **Одделот за царини, такси, надоместоци, статусни прашања, патни исправи, возила, оружје, право од индустриска сопственост и авторски права, банкарски работи, концесии, одбрана, деловен субјект, енергетика и заштита на споменици,** функционираат два совети и тоа шести и осми совет и просекот на решени предмети по судија во шестиот совет изнесува **48 предмети** месечно, а во осмиот совет **19,4 предмети** месечно.

Во однос на ангажираноста на судиите во споредба со 2008 година кога биле решени вкупно **5.147** предмети или просечно **23,3 предмети** месечно, во текот на 2009 година просекот на решени предмети е зголемен и изнесува **32,5 предмети** месечно.

Иако е зголемен бројот на решени предмети во споредба со 2008 година за **2.710** предмети, зголемен е и приливот на предмети за **546**, поради што зголемен е бројот на нерешени предмети за **1.186** предмети споредено со 2008 година.

Во однос на решавањето на старите предмети, состојбата во Управниот суд е следна:

Од 2006 година останале нерешени вкупно **11** предмети, а од 2007 година останале нерешени вкупно **566** предмети.

Во однос на квалитетот на пресудувањето не е можно да се даде оценка, бидејќи во 2009 година против одлуките на Управниот суд не е предвиден правен лек.

Општа констатација е дека е потребно да се продолжи со доекипирање и доопремување на судот, решавање на просторните услови, континуирана едукација за судиите и администрацијата, како би се овозможило успешно функционирање на судот чија надлежност е за цела територија на Република Македонија.

## АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

### АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

**Апелациониот суд Скопје** во 2009 година имал вкупно во работа 22.020 предмети, од кои **2.744** незавршени предмети се пренесени од 2008 година, а приливот на нови предмети изнесува **19.276** предмети. Обемот на работа во оваа извештајна година во однос на претходната кога изнесувал **19.412** предмети е зголемен за **2.608** предмети.

Во текот на годината од вкупниот број предмети во работа, решени се **17.792** предмети, односно **1.124** предмети повеќе во однос на претходната година, а останале нерешени **4.228** предмети, што е за **1.484** предмети повеќе во однос на претходната година, што се должи на зголемениот прилив од 2.084 предмети.

Од вкупниот број незавршени предмети, најголем број се од граѓанско-правната материја и тоа **2.282** предмети. Поаѓајќи од бројот на решени предмети во оваа област во извештајната година и бројот на судии кои постапуваат, произлегува дека заостатокот може да се реши за **3,7 месеци,** поради што овој суд во однос на ефикасноста и ажурноста се смета како **ефикасен суд.**

Од вкупниот број незавршени предмети, **1.053** се од областа на **работните спорови** и според бројот на решени предмети во текот на годината и бројот на судии кои постапуваат по овие предмети, заостатокот може да се реши за **6,5 месеци,** што значи дека според заостатокот во овој дел судот се смета за релативно ефикасен суд.

Од вкупниот број незавршени предмети, **736** се од областа на **трговските спорови,** па според бројот на решени предмети во оваа област и бројот на судии, произлегува дека заостатокот може да се реши за **3 месеци,** што значи дека во овој дел судот се смета за апсолутно ефикасен.

Од вкупниот број незавршени предмети, **151** предмет е од **кривичната област.** Според бројот на решени предмети во оваа област и бројот на распоредени судии според годишниот распоред, произлегува дека заостатокот може да се реши до 3 месеци, што значи дека и во овој дел работата на судот се оценува како апсолутно ефикасна.

Во однос на ангажираноста на судиите, поаѓајќи од бројот на решени предмети и тоа во одделот за трговски спорови месечно во просек по **40 предмети,** во граѓанскиот оддел по **34 предмети,** во одделот за работни спорови по **32 предмети** и во кривичниот оддел по **28** предмети, може да се заклучи дека постои засилен ангажман на судиите во Апелациониот суд Скопје.

Општа констатација е дека заради оптимално функционирање на судот, а особено заради негово поефикасно и ажурно работење, потребно е да се обезбедат финансиски средства за пополнување на бројот на судиите според Одлуката за бројот на судиите, според која функцијата во овој суд треба да ја извршуваат 49

судии и Претседателот на судот, а во извештајната година судот функционирал со 42,5 судии. Исто така, судот треба да се доекипира со непополнетиот судски стручен кадар.

Во однос на квалитетот во одлучувањето, состојбата по оддели е следна:

Во **кривичниот оддел** по **214** одлуки или **5,88%** од вкупниот број донесени одлуки по кривични предмети биле изјавени правни средства, од кои **179** одлуки или **83,64%** се потврдени, што генерално претставува одличен квалитет на пресудување, но мора да се има предвид дека постои разлика во процентот поединечно по судии кои се движи од **22,22%** на потврдени одлуки до **90%** на потврдени одлуки.

Во **граѓанскиот оддел,** трговски спорови и работни спорови од вкупниот број решени предмети во текот на извештајната година, по **746** одлуки се изјавени правни средства, што претставува **7,05%** од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година од кои **603** одлуки или **80,83%** се потврдени, што претставува одличен квалитет во пресудувањето. Во однос на процентот на квалитетот на пресудување по судија, може да се констатира дека постои голема разлика во овој процент, бидејќи најнискиот процент на потврдени одлуки е **25%,** а највисокиот **81,81%,** што упатува на заклучок дека судиите треба да продолжат со постојана едукација и лично усовршување, како би се надминале ваквите разлики.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Во **Апелациониот суд Битола** во 2009 година по сите видови биле примени **10.203** предмети. Со нерешените **1.411** предмети од 2008 година, вкупно во работа биле **11.614** предмети од кои се решени **9.414** предмети, а останале нерешени **2.200** предмети. Во споредба со 2008 година, во 2009 година бројот на решените предмети е зголемен за **789** предмети, приливот е зголемен за **922** предмети, во работа биле примени **1.336** предмети повеќе и решени се **547** предмети повеќе. Со заостатокот што овој суд го има во нерешени предмети од претходната година и времето потребно за решавање на овие предмети, го става овој суд во категоријата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во однос на ангажираноста на секој судија во Апелациониот суд Битола сметано за 10,5 месеци, остварен е просек по оддели и тоа во граѓанскиот оддел 31,85 предмети и во кривичниот оддел 47,88 предмети. Постигната е апсолутна ажурност, што покажува и времетраењето на постапката, така што во решавањето на предметите најголем процент на постапките траеле до 1 месец.

Во однос на состојбата со старите предмети, извештајот покажува дека во Апелациониот суд Битола нема нерешени предмети од 2008 година.

Во однос на ангажираноста на судиите, се оценува дека судиите во Апелациониот суд Битола решавале предмети над ориентационата норма.

Општа констатација е дека за нормално функционирање, ефикасно и квалитетно одлучување по правните лекови, потребно е водење на добра кадровска политика и навремен избор на судии, пополнување на сите испразнети места за стручниот и административно-техничкиот кадар согласно актот за систематизација.

Апелациониот суд Битола треба да продолжи со работните посети на основните судови, да ја продолжи соработката со другите апелациони судови и Врховниот суд на Република Македонија, со цел за подобрување на состојбите во основните судови и изедначување на судската пракса.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

Во **Апелациониот суд Гостивар** од 2008 година биле пренесени **1.576** предмети, а во текот на годината биле примени **4.287** предмети или вкупно во работа во судот биле **5.863** предмети. Во текот на 2009 година од вкупниот број предмети во работа, решени се **4.244** предмети или **98,99%** од примените предмети, што значи дека приливот не е совладан за **1,01%** или за **43** предмети, а незавршени останале **1.619** предмети кои може да се решат за период од **4 месеци,** поради што овој суд се вбројува во категоријата на **ефикасни судови.**

Од вкупниот број предмети во работа, во **граѓанскиот оддел** решени се **1.507** предмети, а останале нерешени **1.018** предмети.

Кај **трговските спорови,** во работа вкупно биле **643** предмети од кои решени се **384** предмети, а кај работните спорови од вкупно **305** предмети, решени се **253** предмети.

Во **кривичниот оддел** вкупно во работа биле **687** предмети од кои решени се **605** предмети.

Во **одделот за прекршоци,** вкупно во работа биле **1.419** предмети и од нив решени се **1.234** предмети.

Во однос на квалитетот на работата, во граѓанскиот оддел по **72** предмети биле поднесени вонредни правни лекови до Врховниот суд на Република Македонија, од кои потврдени се **25** или **83,33%,** што се оценува како многу одличен квалитет.

Во кривичниот оддел **26** предмети биле по вонредни правни лекови во Врховниот суд на Република Македонија, од кои потврдени се **16** или **84,21%** и во овој оддел квалитетот се оценува со оценка одличен.

Во однос на состојбата со старите предмети, нема податоци за стари предмети во Апелациониот суд Гостивар.

Општа констатација е дека судот не успеал да го совлада годишниот прилив на предмети, иако судиите поединечно ја остваруваат ориентационаа норма, но факт е дека во извештајната година се примени во работа помал број предмети споредено со 2008 година.

Квалитетот се поставува како императив во постапувањето на судот ако се имаат предвид и резултатите и податоците од работењето на основните судови од ова апелационо подрачје, за кое судот ќе мора континуирано да укажува и да помага на пониските судови во делот на судската пракса и воедначена примена на законите и решавањето на старите предмети.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

**Апелациониот суд Штип** во извештајната година имал вкупно во работа **6.832** предмети од кои **549** предмети останати од претходната година и **6.283** новопримени предмети. Од овие предмети биле решени **6.085** предмети, а на крајот на извештајната година останале нерешени по сите видови **741** предмет. Споредено со претходната 2008 година, во извештајната 2009 година приливот е намален за **157** предмети.

Според времето во кое Апелациониот суд Штип може да го совлада заостатокот од **741** нерешен предмет, а тоа е **1,2 месеци,** го става во категоријата на **апсолутно ефикасни судови.**

Податоците во извештајот укажуваат дека по сите предмети кои биле во работа е постигната апсолутна ажурност, што покажува и времетраењето на постапката, така што во решавањето на кривичните и граѓанските предмети постапката траела најмногу до 3 месеци.

Во однос на квалитетот на пресудувањето во 2009 година, во Врховниот суд на Република Македонија по правно средство биле **168** предмети од кои **139** се потврдени или **83%,** што претставува одличен квалитет. Сето тоа укажува дека во однос на претходната 2008 година, квалитетот е подобар и укинатите предмети се намалени за **2,5%.**

Во однос на поединечната ангажираност на судиите, за одбележување е дека судиите се целосно ангажирани во решавање на предметите и решаваат предмети над ориентационата норма.

Општа констатација во однос на оценките за Апелациониот суд Штип е дека треба да продолжи тенденцијата во однос на ангажираноста на судиите и квалитетот на пресудувањето, но реално е да се очекуваат и подобри резултати, особено ако се пополнат непополнетите работни места во судот. Инаку, Апелациониот суд Штип работи во добри просторни услови и добра техничка опременост.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ

**Основниот суд Скопје I Скопје** е кривичен суд со **основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје,** како и суд кој постапува по предмети од организиран криминал и корупција за територијата на цела Република Македонија.

Во текот на 2009 година во судот биле примени **86.082** предмети и со нерешените предмети од претходната година **62.117** предмети, во овој суд вкупно во работа биле **148.199** предмети. Од вкупниот број предмети во работа, на крајот на извештајната година решени се **93.376** предмети, а останале нерешени **54.823** предмети.

На ниво на суд, може да се констатира дека е совладан приливот на предмети, намален е бројот на нерешени предмети од **62.117** на **54.823** предмети. Овој заостаток може да се реши за период до **6 месеци,** поради што овој суд спаѓа во групата на **релативно ефикасни судови.**

Според квалитетот на одлучувањето, состојбата е следна:

Во **одделот за организиран криминал и корупција-кривично полнолетни,** квалитетот на ниво на оддел кај овој вид на предмети од вкупно решените **86** предмети, обжалени се **60** или **69,77%,** од кои **36** предмети се потврдени или **60%,** што е добар квалитет.

Во **кривичниот оддел-полнолетни** од вкупно решени **4.987** предмети, обжалени се **1.085** или **21,76%** од сите решени предмети, а потврдени се **612** предмети или **56,41%,** што се оценува како незадоволителен квалитет.

Во **прекршочниот оддел** од вкупниот број решени **37.140** предмети, **720** се обжалени или **1,94%,** од нив **356** предмети се потврдени или **49,44%,** што исто така претставува слаб квалитет.

Според податоците на сумарниот преглед на решени предмети, судиите во судот биле максимално ангажирани.

Посебно за одбележување е што во судот се решени **21.561** од старите предмети заклучно со 2007 година, како и **21.317** предмети од 2008 година, што укажува дека од страна на судиите е направен дополнителен напор за решавање на старите предмети, но и понатаму треба да продолжи ангажманот, посебно за постапување и решавање на старите предмети кои сега се вкупно **1.797** предмети, почнувајќи од 1998 до 2007 година.

Овој суд нема соодветни услови за работа, а тоа посебно се однесува на судниците за организиран криминал, како и постои проблем со недостаток на канцеларии за судиите и судските службеници и информатичка опрема. Исто така,

потребно е во иднина да продолжи и понатаму со добар интензитет едукацијата на судиите во овој суд во соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

**Основниот суд Скопје II Скопје** е суд со **проширена надлежност.** Извештајната година судот ја започнал со **515.407** предмети останати нерешени од претходната година, во текот на 2009 година биле примени **153.496** предмети или вкупно во работа биле **668.903** предмети. Во текот на годината решени се **100.200** предмети, а останале нерешени **568.607** предмети. Со оглед дека овој заостаток на предмети со постојаниот број на судии и административно-технички кадар може да се совлада за период подолг од **1 година,** овој суд е **неефикасен.**

Во однос на квалитетот на решавањето на предметите, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел 67,1%** од обжалените одлуки се потврдени, што се оценува како добар квалитет.

Во **одделот за работни спорови 66,5%** од обжалените одлуки се потврдени, што исто така се оценува како добар квалитет.

Во **одделот за трговски спорови** процентот на потврдени одлуки во однос на обжалените предмети изнесува **77,9%,** што се оценува како многу добар.

Во **одделот за стечај и ликвидација 91,7%** од обжалените одлуки се потврдени, што се оценува како одличен квалитет.

Во **одделот за оставински и вонпроцесни предмети 75%** од одлуките се потврдени, што се оценува како многу добар квалитет.

Во **одделот за извршни предмети 63,88%** од одлуките се потврдени, што е многу добар квалитет.

Во **одделот за платни налози 77,1%** од обжалените одлуки се потврдени, што се оценува како многу добар квалитет.

Може да се заклучи дека во однос на ангажираноста на судиите и покрај зголемените напори за остварување на ориентационата норма, односно забележителниот напор во подобрување на квалитетот и квантитетот на работа кој главно се оценува како многу добар и одличен, судот годината ја завршил со значително голем број на нерешени предмети. Податокот дека на ниво на суд не е совладан годишниот прилив, произлегува од огромниот прилив на платни налози и на несовладувањето на приливот кај граѓанските парнични предмети од мала вредност за **6,5%,** како во сите други оддели и по сите други видови на предмети е совладан приливот на годишно ниво, сепак зголемен е бројот на нерешените предмети.

Општа констатација е дека во судот треба да се продолжи со напорите за решавање на старите предмети и да продолжи да се следи позитивната тенденција во однос на зголемувањето на бројот на решените предмети. Со трансферот на извршните предмети и платните налози кај извршителите односно нотарите, судот ќе може целосно да се посвети на решавање на старите граѓански предмети во што покуси рокови со доследно почитување на материјалното и процесното право и основните права на граѓаните.

Треба да се вложат напори за пополнување на испразнети или непополнети работни места за стручни соработници, дактилографи, доставувачи и друг персонал во судот, што секако би допринело да се подобри работењето и да се зголеми бројот на решени предмети и да се подобри ефикасноста на судот.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

**Основниот суд Велес** е суд со **проширена надлежност.** Во извештајната година овој суд имал во работа вкупно **48.558** предмети од кои **27.911** предмети незавршени од претходната година, а во текот на годината новопримени се **20.646** предмети. Решени се **28.257** предмети, а нерешени на крајот на годината останале **20.301** предмет. Овој заостаток може да се реши за **7,5 месеци,** поради што овој суд е **релативно ефикасен суд.**

Во однос на квалитетот на решавањето на предметите, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** просекот на потврдени предмети од вкупниот број на обжалени изнесува **69,57%,** што се оценува како добар квалитет кај прекршочните предмети.

Потврдени се **65,84%** од обжалените пресуди, што се оценува како добар квалитет.

Во **парничниот оддел** потврдени се **75,41%** од предметите, што се оценува како многу добар квалитет.

Во **споровите од мала вредност** потврдени се **100%** од предметите, што се оценува како одличен квалитет.

Во однос на ангажираноста на судиите по оддели, состојбата е следна:

Во кривичниот и прекршочниот оддел е совладан приливот на предмети и намален е бројот на нерешени предмети.

Во граѓанските предмети не е совладан приливот на предмети и зголемен е заостатокот, додека во стопанските спорови приливот е совладан. Иако во граѓанскиот и стопанскиот оддел не е совладан приливот, сепак судиите ја оствариле ориентационата норма, а заостатокот на предметите се должи на зголемениот прилив на предмети и нивната сложеност.

Во судот приоритет е даден на решавањето на старите предмети, така што во Основниот суд Велес на крајот на извештајната година останале незавршени **18** кривични стари предмети, **23** прекршочни и **232** граѓански предмети, како и останатите незавршени извршни предмети.

Општа констатација е дека Основниот суд Велес во текот на извештајната година го совладал приливот за **7.611** предмети и го намалил заостатокот на **5.000** нерешени предмети. Но и покрај покажаните резултати, во оваа година судот треба да вложи уште поголемо ангажирање на судиите, стручните работници и администрацијата, со што се очекува решавање на уште поголем број предмети, поквалитетно решавање на истите, со што судот би можел да се вброи во групата на ефикасни судови. Основниот суд Велес има извонредни услови за работа како просторни, така и во однос на техничка опременост.

## ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

**Основниот суд Гевгелија** е суд со **основна надлежност.** Во овој суд во 2009 година со нерешените **4.874** предмети од 2008 година и новопримени **14.168** предмети, во работа биле вкупно **19.042** предмети.

Во извештајната година обемот на предмети во работа е намален за **13.073** предмети, а приливот е зголемен за **4.327** предмети. Решени се вкупно **16.793** предмети или **88,2%,** а останале нерешени **2.249** или **11,8%.** Согласно наведеното, во овој суд совладан е годишниот прилив и намален е заостатокот за **2.625** предмети.

Основниот суд Гевгелија извештајната година ја завршил со заостаток **2.249** предмети, кој може да се совлада за помалку од **2 месеци,** поради што овој суд се вбројува во групата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на одлучувањето, состојбата е следна:

Од вкупно решените **16.793** пресуди, обжалени се **913** или **5,43%,** а потврдени се **567** предмети или **62,1%.** Ваквиот процент на потврдени пресуди на ниво на суд, може да се оцени со оценката добар.

Во однос на квалитетот на одлучување по оддели, од вкупно решените **3.486** кривични и прекршочни предмети, обжалени се **620** предмети од кои потврдени се **375** предмети или **60,5%,** што претставува добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно решени **1.664** граѓански предмети обжалени се **293** предмети од кои потврдени се **192** предмети или **65,5%,** што претставува добар квалитет.

Судиите во овој суд направиле напори и се ангажирале во одлучувањето на предметите, но карактеристично е тоа што судиите коишто постапувале по спорни предмети, не ја оствариле ориентационата норма, а некои судии биле блиску до ориентационата норма, што се должи на намалениот обем на работа, со оглед на променетата надлежност.

Во однос на прегледот на старите предмети, според податоците во извештајот, во 2009 година во судот имало вкупно во работа **367** стари предмети и од нив во текот на годината решени се **266** предмети или **72,5%.**

Во однос на ангажираноста на судиите, општа констатација е дека со постојниот број на судии може да се решат поголем број на предмети и да се постигне подобар квалитет, што може да се обезбеди со соодветен распоред за работа.

За подобрување на ефикасноста на судот, неопходно е потребно вработување на информатичар.

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

**Основниот суд Кавадарци** е суд со **основна надлежност.** Во овој суд во текот на 2009 година вкупно во работа биле **16.490** предмети од кои **6.388** останати нерешени од претходната година, а новопримени биле **10.102** предмети. Во текот на годината решени се **14.138** предмети, а останале нерешени **2.352** предмети. Во врска со обемот на работа, според податоците произлегува дека за разлика од претходната година, во 2009 година во судот биле примени помалку **1.519** предмети и биле решени помалку **2.156** предмети. Решен е приливот на предмети и заостатокот на нерешени предмети е намален за **4.036** предмети.

Основниот суд Кавадарци заостатокот од **2.352** предмети може да го реши за помалку од **2 месеци,** поради што овој суд е **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на квалитетот на решавањето на предметите, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број на обжалени предмети, потврдени се **69,74%.**

Во **граѓанскиот оддел** во однос на обжалените парнични предмети, процентот на потврдени изнесува **75,57%.**

Во **прекршочните предмети** од вкупниот број на обжалени предмети **70,5%** се потврдени.

Општа оценка е дека во извештајната година квалитетот на решавање на предметите во кривичниот оддел, вклучително и прекршочните предмети е добар**,** а во граѓанскиот оддел квалитетот на одлучувањето се оценува како многу добар. Потребно е во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување и во овие оддели.

Во извештајната година, судиите кои постапувале во граѓанскиот оддел, покрај парничните предмети решавале и други вид предмети и ангажираноста на судиите се оценува како задоволителна, меѓутоа во кривичниот оддел

ориентационата норма од страна на судиите не се исполнува, што се должи пред се на намалениот обем на работа во овој суд.

Основниот суд Кавадарци со оглед на значително намалениот број на нови предмети со релативно добра ангажираност на судиите, успеал да го реши приливот и значително да го намали заостатокот и со овој број на нерешени предмети, под претпоставка приливот на нови предмети да се задржи на ниво од 2009 година, за судиите се создава простор за поголемо стручно усовршување и едуцирање за подобрување на квалитетот во одлучувањето, но и обврска за решавање на старите предмети. Заклучно со 2007 година во овој суд има **337** стари нерешени предмети, од кои **317** се извршни предмети.

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

**Основниот суд Кратово** е суд со **основна надлежност.** Во текот на 2009 година во овој суд по сите основи примени се **2.309** нови предмети и заедно со **1.022** нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа по сите основи судот имал **3.339** предмети. Од вкупниот број на предмети, во текот на годината решени се **2.921** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **418** предмети, кои показатели укажуваат на тоа дека судот го совладал приливот на новопримени предмети и го совладал бројот на заостанати предмети од претходната година за **604** предмети.

Со оглед на тоа што заостатокот од **418** предмети може да се реши за период покус од **2 месеци,** овој суд може да се оцени како **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојба е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број на решени и обжалени предмети, потврдени се **63%** од предметите, но во овој оддел во однос на квалитетот на судиите поединечно процентот е различен и се движи од **50%** до **83,3%.**

Во однос на квалитетот на **граѓанскиот оддел,** истиот во однос на судиите поединечно се движи од **41,4%** до **90%,** додека состојбата на ниво на оддел е **50,6%** потврдени.

Во **прекршочниот оддел** квалитетот по судии се движи од **25%** до **77%,** а на ниво на оддел се движи до **59%** потврдени.

Според овие податоци, произлегува дека во извештајната година квалитетот на решавањето на предметите во граѓанскиот оддел и во прекршочниот оддел не задоволува, додека во кривичниот оддел се оценува како добар.

Општа оценка е дека во наредниот период, судиите од овој суд треба да настојуваат да решаваат предмети во согласност со ориентационата норма, а исто така треба да се обрне поголемо внимание на старите предмети, за нивно побрзо и поквалитетно одлучување, бидејќи во Основниот суд Кратово има вкупно **139** предмети и тоа само од областа на извршните предмети, а во другите области заклучно со 2006 година судот успеал да ги реши сите заостанати предмети.

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

**Основниот суд Крива Паланка** е суд со **основна надлежност.** Овој суд во текот на 2009 година имал во работа вкупно **4.842** предмети од кои **886** предмети се пренесени од претходната година, а **3.956** предмети се новопримени во текот на годината. Во однос на претходната година, кога обемот на работа изнесувал вкупно **5.613** предмети, во 2009 година обемот на работа е намален за **771** предмет.

Од вкупно **4.842** предмети од сите видови колку што биле во работа во текот на 2009 година, по сите основи решени се **4.076** предмети. Во однос на претходната

година кога биле решени **4.727** предмети по сите основи, во 2009 година решени се **651** предмет помалку отколку во претходната година.

На крајот на 2009 година останале нерешени **766** предмети од сите видови и бидејќи овој заостаток може да се реши за **1,97 месеци,** овој суд и понатаму ја задржува оценката на **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата по оддели е следна:

Во **кривичниот оддел** процентот на потврдени предмети е намален во однос на претходната година и изнесува **67,5%,** што и понатаму се оценува со оценката добар.

Во **граѓанскиот оддел** состојбата во однос на квалитетот во пресудувањето е нешто подобра од претходната година, така што процентот на потврдени предмети е зголемен од **70,15%** во претходната година на **71,42%** во 2009 година, што се оценува со оценка многу добар.

Во однос на квалитетот на пресудувањето кај прекршочните предмети, може да се констатира дека процентот на потврдени предмети е намален од 65,42% од претходната година на **62,03%** во 2009 година и овој квалитет се оценува со оценката добар.

Во однос на ангажираноста на судиите во 2009 година, може да се каже дека ангажираноста на судиите во судот не е подеднаква, дека судиите не ја совладале ориентационата норма и дека истата варира од судија до судија од **42,7%** па се до **72,4%.**

Во Основниот суд Крива Паланка според податоците на поднесениот извештај, се констатира дека има вкупно **29** стари предмети од сите видови.

Општа констатација за овој суд е дека не е променета состојбата во однос на квалитетот на одлучување по граѓанските предмети, во смисла на подобрување на истиот, поради што се укажува дека во иднина треба да се обрне поголемо внимание на подобрување на квалитетот посебно во овој оддел, што би се постигнало и преку поактивна едукација на судиите од овој суд, со оглед што намалениот прилив на предмети заради промената во надлежноста, тоа го дозволува.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

**Основниот суд Куманово** е суд со **проширена надлежност.** Во извештајната година овој суд во работа имал вкупно **75.737** предмети од кои **44.097** предмети се пренесени од претходната година, додека новопримени во текот на 2009 година имало **31.640** предмети. Решени биле **32.980** предмети, а останале нерешени **42.757** предмети. Ова значи дека во извештајната година приливот на предмети по сите основи е совладан, бидејќи се решени **32.980** предмети или **1.340** предмети повеќе од приливот кој изнесувал **31.640** предмети, што резултирало и со намалување на бројот на нерешени предмети кои останале на крајот на годината. Од ова, може да се заклучи дека судот во извештајната година работел ажурно, а со оглед да бројот на нерешени предмети изнесува **42.757** предмети, што претставува заостаток кој може да биде совладан за период над **1 година,** поради што овој суд е во категоријата на **неефикасни судови.**

Во однос на квалитетот по оддели, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број на обжалени предмети **52,83%** се потврдени.

Во **граѓанскиот оддел** квалитетот на одлуките во парничните предмети се движи околу **64,02%,** а квалитет на одлуките од областа на работните спорови се движи во просек од околу **76,14%** потврдени предмети.

Квалитетот на одлуките кај прекршочните предмети се движи до **52,89%** потврдени.

Општа констатација е дека квалитетот кај кривичните и кај прекршочните предмети не задоволува, кај парничните предмети квалитетот е добар, а кај одлуките од областа на работните спорови квалитетот е многу добар.

Во однос на ангажираноста на судиите, од податоците произлегува дека просекот по решени кривични предмети за полнолетни и малолетни по судија изнесува од **17,9** до **25,8** предмети месечно, просекот пак на решени прекршочни предмети по судија изнесува од **107,23** до **204** предмети месечно.

Општа констатација е дека Основниот суд Куманово од година во година покажува напредок во сите сегменти од работењето, но и понатаму треба да се вложуваат напори да продолжи ваквиот тренд, да се продолжи со целокупниот ангажман од страна на сите вработени во судот, со цел да се постигне поефикасно и поквалитетно решавање на старите нерешени предмети и да се подобри во поголема мера квалитетот на одлуките во сите предмети.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

**Основниот суд Неготино** е суд со **основна надлежност.** Во текот на 2009 година судот во работа имал вкупно **20.250** предмети од кои **13.557** предмети се пренесени од претходната година, а во извештајната година биле примени **6.694** предмети. Во текот на годината во судот се решени **6.613** предмети, а останале нерешени **13.637** предмети. Овие податоци укажуваат дека судот не успеал целосно да го реши приливот на предмети и тоа за **1,29%,** со што го зголемил заостатокот на нерешени предмети во извештајната година за **80** предмети од сите видови.

Според бројот на нерешени предмети кој изнесува **13.637** предмети, овој суд се вбројува во категоријата на **неефикасни судови,** со оглед да ваквиот заостаток може да се совлада за **2 години.**

Во однос на квалитетот на пресудување на ниво на суд, постигнати се одлични резултати, бидејќи квалитетот изнесува **82,2%** потврдени предмети, а истата констатација се однесува и за ангажираноста на судиите, бидејќи истите биле максимално ангажирани во сите оддели и постигнале квантитет од **129,2%.** Судиите покажале голем ангажман и за решавање на старите предмети, при што се решени **89,6%** од овие предмети, односно останале нерешени само **29** предмети.

Бројот на заостатокот на нерешени предмети е голем, од причина што **68,4%** отпаѓа на извршните предмети, а **3,4%** отпаѓа на прекршочните извршни санкции, поради што со пренесување на извршните предмети кај извршителите, се очекуваат и подобри резултати во работењето на овој суд.

Овој суд е добро технички опремен, но потребно е пополнување на работните места за водење на работите од информатичка технологија.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

**Основниот суд Гостивар** е суд со **проширена надлежност.** Во текот на 2009 година во Основниот суд во Гостивар во работа биле вкупно **69.200** предмети од сите видови, од кои **36.053** нерешени од претходната година и **33.156** новопримени предмети во текот на 2009 година. Во текот на извештајната година, во овој суд биле решени **32.683** предмети, а останале нерешени **36.526** предмети, што укажува дека е зголемен бројот на нерешени предмети на крајот на годината. Основниот суд Гостивар не успеал да го совлада приливот за **473** предмети.

Со оглед на тоа што во овој суд во 2009 година останале нерешени **36.526** предмети и овој заостаток може да се реши за период до **1 година,** овој суд е во категоријата на **неефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решените предмети, обжалени се **179** предмети и од нив потврдени се **75** или **41,89%.**

Во **граѓанските предмети** од обжалените 128 предмети, потврдени се **64%,** што се оценува како добар квалитет.

Што се однесува до квалитетот на пресудување на прекршочните предмети, од вкупно обжалените **229** предмети, потврдени се **94** или **41,04%.**

Општа оцена е дека во извештајната година квалитетот на решавањето на предметите во кривичниот оддел, вклучително и решавањето на прекршочните предмети е слаб, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување во сите предмети.

Во однос на ангажираноста на судиите врз основа на прегледот на примени и решени предмети, произлегува дека кај дел од судиите е совладан приливот на предметите, особено во граѓанскиот оддел, но во кривичниот оддел не е совладан приливот на предметите во текот на годината и дури е зголемен заостатокот.

Во однос на работата по старите предмети, податоците укажуваат дека во овој суд се посветува внимание на решавањето на старите предмети и од **606** предмети кои останале од претходната година, во текот на годината решени се **341** предмет, но и понатаму останува констатацијата дека треба да се даде приоритет на решавање на овие предмети согласно програмата за работа за 2010 година.

Општа констатација е дека за да се надминат состојбите од претходниот период и да се постигне голема ефикасност и ажурност на судот, потребно е пополнување на предвидениот број на судиски места, подобрување на материјално финансиската состојба и осовременување на техничката опрема во судот.

## ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

**Основниот суд Дебар** е суд со **основна надлежност.** Овој суд во 2009 година имал вкупно во работа **8.291** предмет од кои **2.473** предмети пренесени нерешени од претходните годин, а во текот на годината новопримени биле **5.728** предмети. Во 2009 година решени се **6.265** предмети, а останале нерешени **1.936** предмети.

Со оглед на тоа што ваквиот заостаток од **1.936** предмети може да се реши за период од **3 месеци,** може да се смета дека Основниот суд Дебар е **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на состојбата со квалитетот на одлучување по оддели, податоците се следни:

Во **граѓанскиот оддел** вкупно биле обжалени **52** предмети од кои **29** се потврдени или **55,76%,** што се оценува како незадоволителен квалитет.

Во **кривичниот оддел** од вкупно обжалени **16** предмети, **12** предмети биле потврдени или **75%,** што се оценува како многу добар квалитет.

Во однос на одлучувањето на прекршочните предмети, податоците се дека од обжалени **39** предмети, **15** предмети се потврдени или **38,46%,** што се оценува со слаба оценка за квалитет.

Во однос на ангажираноста на судиите, во текот на 2009 година во граѓанскиот оддел биле вкупно во работа **4.048** предмети од кои во текот на годината останале нерешени **1.377** предмети или споредено со 2008 година, бројот на нерешените предмети во овој оддел е намален за **298** или **17,79%,** што укажува на добра ангажираност на судиите во овој оддел.

Во **кривичниот оддел** бројот на нерешените предмети споредено со 2008 година е исто така намален за **197** или **29,80%.**

Согласно наведените податоци во Извештајот, општа констатација е дека Основниот суд Дебар работел ангажирано и ефикасно, решен е приливот на новопримени предмети и заостатокот е намален за **537** предмети или за **21,71%.**

Како заклучна констатација, може да се наведе дека со задржување на истиот однос на ангажираност и ефикасност, реално е да се очекува дека бројот на нерешените предмети може да се намали, но и понатаму треба да се посвети поголемо внимание на подобрувањето на квалитетот во одлучувањето. Исто така и во остварување на ориентационата норма, бидејќи според податоците не е подеднаква ангажираноста на судиите во остварувањето на судиската функција, на што во иднина би требало да се посвети повеќе внимание, со цел да се обезбеди еднакво ангажирање на сите судии.

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

**Основниот суд Кичево** е суд со **основна надлежност.** Вкупниот обем на работа во судот во 2009 година изнесувал **17.774** предмети од кои **2.217** незавршени предмети од претходната година и **15.527** предмети примени во тековната година. Од овој број решени се **15.065** предмети, а останале незавршени **2.679** предмети, што покажува благо зголемување на заостатокот од претходната година.

Со оглед да бројот на незавршени предмети може да биде совладан за период од **2 месеци,** произлегува констатација дека овој суд спаѓа во групата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** во текот на годината вкупно биле обжалени **56** предмети од кои потврдени се **40** предмети или во процент **60,60%,** што се оценува како добар квалитет.

Во однос на **прекршочните предмети** од вкупниот број обжалени предмети **394,** потврдени се **205** или **51,50%,** што се оценува со незадоволителна оцена.

Во **граѓанскиот оддел** квалитетот на пресудувањето се оценува со оценка незадоволува, со оглед на тоа што од вкупно обжалени **328** предмети, потврдени се **192** предмети или во процент **58,53%,** што се оценува со оценка незадоволува.

Во однос на ангажираноста на судиите, според резултатите што ги покажале во текот на 2009 година, произлегува дека се правени напори за совладување на приливот и намалување на заостатокот на нерешени предмети. Исто така, се констатира дека има состојба кога во годината има зголемен прилив на предмети и во кривичниот и во граѓанскиот оддел, а единствено има намалување кај извршните предмети, што е резултат на околноста дека во овој оддел повеќе не се примаат нови предмети.

Поаѓајќи од фактот дека судиите покажуваат различен процент во квалитетот на пресудувањето на предметите, произлегува дека во иднина треба да се обрне поголемо внимание на личната едукација и усовршување, како би се надминале овие разлики.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

**Основниот суд Тетово** е суд со **проширена надлежност и еден од најголемите судови во Република Македонија.** Во овој суд во текот на извештајната година, вкупно во работа биле **97.475** предмети од кои **54.228**

предмети незавршени од претходните години и **43.247** новопримени предмети во текот на годината.

Во 2009 година решени се вкупно **50.675** предмети, а останале нерешени **46.806** предмети, што значи дека во однос на претходната година, вкупниот обем на работа е намален за **2.633** предмети. Во текот на 2009 година примени се **5.289** предмети повеќе, а решени се повеќе во споредба со 2008 година **4.795** предмети.

Заостатокот од **46.806** предмети може да се совлада за период од **10 месеци,** што укажува дека овој суд влегува во групата на **релативно ефикасни судови.**

Во однос на **ангажираноста на судиите** во овој суд во целина, произлегува дека во споредба со претходната година, во **кривичниот оддел** заедно со кривичните и прекршочните санкции е намален вкупниот број на нерешени предмети, што значи значително намалување на нерешените предмети, што само по себе зборува за зголемената ефикасност на судот во целина.

Во **граѓанскиот оддел** бројот на нерешени предмети бележи зголемување, а намален е бројот на граѓанските парници.

Основниот суд во Тетово во текот на извештајната година според постигнатите резултати во кривичниот оддел, споредено со бројот на решените предмети и вкупниот број на нерешени предмети, може да се смета како апсолутно ефикасен, а пак релативно ефикасен во прекршочните предмети.

Во однос на граѓанските предмети заостатокот може да се реши во рок од 6 месеци и овој оддел е ефикасен.

Општа констатација е дека во текот на 2010 година можат да се постигнат подобри резултати во работењето на судот со зголемување на ефикасноста и квалитетот на работењето, како и одговорноста на сите судии за користење на сите капацитети за да постапките се спроведуваат без одолговлекување и да се оствари правото на секој учесник во постапката за правично судење. Потребно е да се обезбедат подобри просторни услови и кадровска екипираност.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

**Основниот суд Битола** е суд со **проширена надлежност.** Во 2009 година примил во работа **36.887** предмети по сите основи, од претходната година останале нерешени **32.779** предмети или вкупно во работа биле **69.666** предмети. Од сите предмети во работа, во текот на годината решени се **37.404** предмети, а останале нерешени **32.262** предмети.

Според податоците во Извештајот, во 2009 година судот имал во работа **13.274** предмети споредено со 2008 година, од кои пак за разлика од претходната година во однос на нерешени предмети останале помалку **517** предмети.

Основниот суд Битола за 2009 година се смета за **релативно ефикасен суд,** бидејќи заостатокот на нерешени предмети се проценува дека може да се реши до **1 година.**

Во однос на квалитетот на решавање на предметите, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** просекот на потврдени предмети изнесува **78,55%,** што се смета за многу добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** просекот на потврдени предмети изнесува **71,37%,** што исто така претставува многу добар квалитет.

За квалитетот на решавање во прекршочните предмети поеднично по судија, процентот се движи од најнискиот **56,57%** потврдени до **65,08%** потврдени, што се оценува во рамки на оценката добар квалитет, но укажува на различен квалитет на одлучување кај поединечните судии.

По однос на времетраењето на постапката, забележливо кај овој суд е дека поголемиот број на предмети се решаваат за период од **2 месеци,** што се оценува како позитивно од аспект на ажурноста на постапување по предметите.

Според поединечните податоци за работата на судиите во посебните оддели во однос на квалитетот и квантитетот, општа констатација е дека Основниот суд Битола покажал извонредно добра ефикасност, добар квалитет, со тоа што мора да се вложат повеќе напори за решавање на старите нерешени предмети кои се од прилично постар датум, особено во граѓанскиот оддел. Заради постигнување на повисок степен на ефикасност, потребна е и комплетна екипираност на судот, што секако би допринело до намалување на бројот на нерешени предмети. Треба да се реши прашањето околу извршните предмети, бидејќи се работи за голем број на извршни предмети во овој суд, кои порано не биле евидентирани во извештајот за работата на судот.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

**Основниот суд Крушево** е суд со **основна надлежност.** Во овој суд во текот на 2009 година вкупно во работа биле **5.175** предмети од кои **3.045** предмети останати нерешени од претходните години и новопримени **2.130** предмети. Во текот на годината решени се **2.194** предмети, а останале нерешени **2.981** предмет.

Основниот суд Крушево во извештајната 2009 година е **неефикасен суд,** со оглед на тоа што бројот на нерешени **2.981** предмет, може да се совлада за период подолг од **1 година.**

По однос на квалитетот на пресудувањето, состојба е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно обжалени **5** предмети, потврдени се **4** или **80%,** што се оценува како многу добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** од **3** обжалени граѓански одлуки, потврдени се **2** или **80%,** што се оценува како многу добар квалитет.

Кај **прекршочните одлуки** состојбата е поразлична, бидејќи од обжалените **23** пресуди, потврдени се **9** или **39,13%,** што претставува слаб квалитет во пресудувањето.

Со оглед на тоа што се работи за мал суд со мал обем на работа, не постои специјализација на судиите по материи, туку судиите истовремено работат на повеќе материи. Во Основниот суд Крушево во однос на старите предмети, најбројни се извршните предмети или вкупно **2.631** предмет, од кои најстари по датум се од 2003 заклучно со 2007 година.

Општа констатација е дека во извештајната година судот го совладал приливот на нови предмети и го намалил заостатокот на нерешени предмети за **64.**

Со оглед на малиот прилив на нови предмети во целина, судот требало да вложи напори за решавање на големиот број нерешени извршни предмети, кои на почетокот на 2009 година изнесувал **2.665** предмети, а во текот на годината биле решени само **33** предмети.

Со превземањето на извршните предмети од приватните извршители, судот ќе го нема проблемот од овој вид предмети, поради што ќе треба да се ангажира за побрзо и поквалитетно решавање на спорните предмети и задржување на квалитетот на одлуките во кривичната и граѓанската област, а подигање на квалитетот на прекршочната област.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

**Основниот суд Охрид** е суд со **проширена надлежност.** Во овој суд во извештајната година имало вкупно во работа **38.957** предмети, од кои **22.380**

незавршени предмети од претходната година и **16.577** новопримени предмети во текот на годината. Од овие предмети решени се **20.652** предмети, што значи совладан е приливот и намален е дел од заостатокот.

Во овој суд на крајот на годината останале нерешени **18.305** предмети, што претставува заостаток кој може да биде решен за период од **9 месеци,** поради што овој суд се вбројува во категоријата на **релативно ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** квалитетот на ниво на оддел изнесува **62,2%** потврдени предмети, што значи дека квалитетот се оценува со оценката добар, а по однос на квалитетот на судиите поединечно процентот се движи од **58%** до **65%.**

Во **граѓанскиот оддел** квалитетот на пресудувањето на ниво на оддел е **62,5%** потврдени, што се оценува како добар квалитет, а по однос на процент на судиите поединечно истиот се движи од **53%** до **82,5%,** што укажува на различен квалитет на работењето на поодделни судии.

Во **прекршочниот оддел** квалитетот по судии се движи од **43,3%** до **60,1%** потврдени, а на ниво на оддел процентот на потврдени е **48,3%,** што претставува слаб квалитет.

Во однос на ангажираноста на судиите, од Извештајот на Основниот суд Охрид се гледа дека сите судии ја исполнувале нормата и над пропишаната ориентациона норма, со тоа што во Одделот за прекршоци се исполнува **100%** нормата, во граѓанскиот оддел од **104%** до **183%,** што зборува за голема ангажираност на судиите во однос на решавање на предметите и намалување на заостатокот, кој процент на ангажираност е доста голем во сите одделенија во судот.

Во Основниот суд Охрид има вкупно **11.252** стари нерешени предмети заклучно со 2009 година, од кои најголем број се извршни предмети.

Општа констатација е дека во овој суд ангажираноста на судиите се оценува со висока оценка, меѓутоа треба да се работи на подобрување на квалитетот во работењето кај сите судии и подобрување на квалитетот во решавањето на старите предмети, со намалување на заостатокот на нерешените предмети од претходните години. Во судот треба да се подобри материјално-финансиската состојба и да се разрешат просторните проблеми коишто ги има овој суд.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

**Основниот суд Прилеп** е суд со **проширена надлежност.** Во 2009 година судот ја започнал со заостаток од **46.843** предмети како нерешени од претходната година, а во текот на годината примени се нови **34.374** предмети по сите основи, кои заедно со **166** укинати и повторно вратени во работа ја претставуваат вкупната бројка од **81.383** предмети.

Од вкупниот број предмети кои биле во работа во текот на 2009 година, решени се **39.322** предмети, а како нерешени се јавуваат **42.061** предмет, со кои судот ја започнува новата 2010 година. Со оглед на тоа што овој заостаток може да се реши за период од **11 месеци,** Основниот суд Прилеп спаѓа во групата на **релативно ефикасни судови.**

По однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата по однос на оддели е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број на обжалени пресуди потврдени се **87** предмети или **73%,** што се оценува како многу добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** процентот во поглед на квалитетот на работата по процесните предмети произлегува дека од вкупниот број обжалени предмети, **68%** се потврдени што се оценува како добар квалитет.

По однос на квалитетот на работата на **прекршочниот оддел,** процентот на потврдени предмети изнесува **64%,** што исто така претставува добар квалитетот.

Што се однесува до податоците за ангажираност на судиите, произлегува дека судиите се ангажирале во решавање на предметите и ја исполниле ориентационата норма. Работеле ангажирано и ефикасно, што се заклучува од фактот што приливот на новопримените предмети е совладан.

Општа констатација за Основниот суд Прилеп е дека судот има одлични просторни услови за работа, дека во текот на годината судот работел ангажирано и ефикасно, а што се однесува до квалитетот на работењето, може да се каже дека квалитетот како во целина, така и поединечно по судии задоволува. Треба и понатаму да продолжи залагањето за поефикасно работење по предметите и секако подобрување на квалитетот на решавањето по сите предмети. Исто така и овој суд како и другите судови, има проблеми со недоволно финансиски средства.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**Основниот суд Ресен** е суд со **основна надлежност.** Основниот суд Ресен од претходната година превземал во работа **1.662** нерешени предмети и со новопримените во 2009 година **3.081** предмет, вкупно во работа биле **4.743** предмети. Во текот на годината решени се **3.620** предмети, а останале нерешени **1.123** предмети, што претставува заостаток кој може да се совлада за период од **3 месеци,** поради што Основниот суд Ресен спаѓа во катеторијата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во извештајната година е намален бројот на нерешените предмети на **1.113,** а тоа значи дека е совладан целокупниот прилив на предметите и решен е дел од заостатокот на предметите од претходната година, со тоа што бројот на нерешени предмети се претежно извршни предмети, извршување на прекршочни санкции и прекршочни предмети.

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата по оддели е следна:

Во **кривичниот** оддел од вкупно **44** кривични пресуди за полнолетни лица, **10** предмети се обжалени од кои **7** се потврдени или **70%,** што се оценува како добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупо донесените **28** пресуди по парничните предмети, **130** се обжалени, а **46** пресуди се потврдени или **35,38%,** што претставува слаб квалитет во пресудувањето.

Во однос на **прекршочните предмети** од **85** обжалени, **54** се потврдени или **63,52%,** што се оценува како добар квалитет.

Општа констатација е дека Основниот суд Ресен во текот на извештајната година покажува резултати како ефикасен суд, а апсолутно ефикасен во кривичниот оддел, што покажува голема ангажираност на судиите, поради што и крајниот резултат е дека е намален бројот на нерешените предмети. Условите за работа во овој суд се релативно добри, меѓутоа за постигнување на подобри резултати, потребно е пополнување на работните места предвидени со систематизацијата на судот.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

**Основниот суд Струга** е суд со **основна надлежност.** Во овој суд во 2009 година имало вкупно во работа **24.621** предмет, од кои **14.704** предмети по сите основи нерешени од претходната година. Од нив решени се **13.959** предмети, а останале незавршени **10.666** предмети, што претставува заостаток што може да се

совлада за период од **8 месеци,** поради што овој суд спаѓа во категоријата на **ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата по оддели е следна:

Во **кривичниот оддел** процентот на потврдени пресуди изнесува **77%** на ниво на оддел, што се оценува како многу добар квалитет, а поединечно по судија квалитетот се движи од **66%** до **88%.**

Во **граѓанскиот оддел** квалитетот на пресудувањето на ниво на оддел изнесува **77%** во однос на потврдените предмети, што претставува многу добар квалитет, а поединечно по судија се движи од **70%** до **80%.**

Квалитетот во однос на **прекршочните предмети** во просек изнесува **64%,** што се оценува како добар квалитет, а поединечно по судии се движи од **52%** до **73%.**

Во однос на ангажираноста на судиите, судот не успеал да го совлада приливот на предметите во извештајната година за **749** предмети, меѓутоа судот не работел во полн судиски состав.

Општа констатација е дека Основниот суд Струга работењето во извештајната година го завршил како ефикасен и ажурен суд и покрај тоа што целосно не е совладан приливот на новите предмети, посебно што судот бил апсолутно ефикасен во работењето во вонпарничниот, стечајниот и прекршочниот отсек, бидејќи заостатокот на нерешени предмети во тој дел може да се реши за 3 месеци, а како ефикасен во работењето бил по предметите во кривичниот и парничниот оддел, бидејќи заостатокот на нерешени предмети може да се реши за период од 6 месеци. Инаку, овој суд работи во добри просторни услови и добра техничка опременост.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

**Основниот суд Берово** спаѓа во редот на основните судови со **основна надлежност.** Во овој суд во текот на 2009 година вкупно во работа биле **5.784** предмети од кои **1.015** нерешени од претходната година и **4.769** новопримени предмети во текот на годината.

Од вкупниот број предмети во работа решени се **5.170** предмети, а останале нерешени **614** предмети, што претставува заостаток кој може да се реши за период од **1 месец,** поради што Основниот суд Берово спаѓа во категоријата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата по оддели е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно **28** предмети по жалба во Апелациониот суд Штип, биле потврдени **22** предмети или **78,5%,** што се оценува како многу добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупниот број решени **388** предмети, обжалени биле **66** предмети, а од нив потврдени се **58** предмети или **87,8%,** што се оценува како одличен квалитет.

Во однос на ангажираноста на судиите, просечната норма во кривичниот оддел на решавање на предмети изнесува **5,6** предмети, а во граѓанскиот оддел изнесува **12,3** предмети.

Општа констатација е дека Основниот суд Берово работи во релативн добри услови со целосна екипираност во судот, што покажува и дека судот работел ангажирано и ефикасно во текот на извештајната година, а подобрен е и квалитетот на пресудувањето, посебно во кривичните предмети кој е подобар споредено со претходната година.

Во овој суд од вкупниот број незавршени **614** предмети, најголемиот број отпаѓа на извршните општи предмети, што укажува дека во иднина овој суд би

можел да биде целосно ажурен и ефикасен, да постигнува уште подобри резултати ако ефикасно ги решава и останатите видови предмети, меѓутоа се поставува прашањето за ангажираноста на судиите по предавањето на извршните предмети на извршителите.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

**Основниот суд Виница** претставува суд со **основна надлежност.** Овој суд во текот на 2009 година вкупно во работа имал **4.332** предмети, од кои **675** предмети од претходната година и **3.657** новопримени предмети по сите основи, од кои во текот на годината решени се **3.863** предмети. Со оглед дека на крајот на годината останале нерешени **469** предмети, а тоа е заостаток што може да се совлада за период од **3 месеци,** Основниот суд Виница може да се смета за **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на ангажирањето и квалитетот на судиите, со оглед да во овие судови не постои специјализација на судиите по оддели, според податоците произлегува дека просечно месечно се решавани по **2,28** истражни предмети, **3,24** предмети од областа на истражните дејствија, потоа **7,23** предмети од областа на кривичното право против полнолетни лица, во прекршочните предмети просечно месечно се решавани по **95,5** предмети и во граѓанскиот оддел просечно месечно се решавани по **20,85** предмети. Пресудувањето во предметите се оценува со добар квалитет.

Општа констатација за Основниот суд Виница, кој има идеални просторни услови за работа и целосна екипираност, е дека покажал ефикасно и ажурно работење во текот на извештајната година и доколку и во иднина продолжи ваквата тенденција и ваквото темпо на работа, овој суд ќе биде уште поефикасен суд.

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

**Основниот суд Делчево** е суд со **основна надлежност.** Во овој суд во 2009 година имало вкупно во работа **4.856** предмети, од кои **1.052** предмети од претходната година и **3.804** предмети примени во текот на годината по сите основи. Во извештајната година решени **3.866** предмети, а останале нерешени само **990** предмети. Споредено со бројот на нерешените предмети во 2008 година, обемот на истите е намален за **62** или за **5,89%.**

Со оглед на тоа што заостатокот од **990** нерешени предмети може да се совлада за период од **2,6 месеци,** поради што овој суд е **апсолутно ефикасен.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата по оддели е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно обжалени **25** предмети, потврдени се **18** предмети или **72%,** што се оценува како многу добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно обжалени **213** предмети, **155** предмети биле потврдени или **72,76%,** што претставува многу добар квалитет.

Кај **прекршочните предмети** од вкупно обжалени **92** предмети, потврдени биле **48** или **52%,** што се оценува како незадоволителен квалитет.

Општа констатација е дека Основниот суд Делчево во 2009 година работел ажурно и ефикасно, при што го совладал приливот и го намалил заостатокот, меѓутоа во граѓанскиот оддел по парничните и вонпарничните предмети е зголемен заостатокот и во овој дел е потребна поголема ангажираност и ефикасност за намалување на нерешените предмети. Квалитетот на постапувањето на судиите е добар и треба да се задржи истиот степен на ангажираност во делот на квалитетното завршување на предметите. За подобрување на вкупното ефикасно

работење на судот, потребно е дополнително ангажирање во делот на парничните и вонпарничните предмети и подобрување на нивниот квалитет.

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

**Основниот суд Кочани** е суд со **проширена надлежност.** Во 2009 година во Основниот суд Кочани биле примени **12.118** предмети и со предметите останати нерешени од претходната година **11.360** предмети, вкупно во работа биле **23.478** предмети. Во текот на годината решени се **12.838** предмети, а останале нерешени **10.640** предмети. Судот не го совладал приливот за **720** предмети.

Заостатокот од **10.640** предмети Основниот суд Кочани може да го совлада за **8,7 месеци,** поради што овој суд спаѓа во групата на **релативно ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот во работата, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** за предметите за полнолетни лица од вкупно решени **378** предмети, по жалба биле **103** предмети од кои **78** биле потврдени или **75,7%,** што се смета за многу добар квалитет.

Во **прекршочната област** од вкупно решени **2.293** предмети, по жалба биле **192** предмети од кои **115** потврдени или **60%,** што се смета за добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно решени **678** парнични предмети, по жалба биле **250** од кои потврдени **182** предмети или **72,8%,** што се смета како многу добар квалитет.

Во однос на старите предмети, треба да се истакне дека најмногу стари нерешени предмети се од извршната материја и тоа **2.306** предмети од 2006 година.

Општа констатација за Основниот суд Кочани е дека судиите во Основниот суд Кочани во извештајната 2009 година постигнале добри резултати, имајќи го предвид процентот на потврдените, преправените и укинатите предмети.

Основниот суд Кочани работи во добри услови и добра информатичко-техничка опременост.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

**Основниот суд Радовиш** е суд со **основна надлежност.** Во текот на 2009 година во овој суд вкупно во работа биле **10.537** предмети од кои **3.570** нерешени од претходната година, а новопримени биле **6.960** предмети. Споредено со претходната година, во извештајната 2009 година има намалување на новопримени предмети за **28,03%,** а исто така намалување и во вкупниот обем на работа за **48,27%,** како и намалување на нерешените предмети за **33,16%.** Овој суд спаѓа во категоријата на **апсолутно ефикасни судови,** бидејќи заостатокот од **2.386** предмети може да се реши за **3 месеци.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата е следна:

Во **кривичниот** оддел од вкупно решените предмети **60%** се потврдени, што се оценува како добар квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупниот број решени парнични предмети **78,99%** се потврдени, што се оценува како многу добар квалитет.

Кај **прекршочните предмети** се забележува подобрување на квалитетот, бидејќи во претходните години процентот на прекршочни предмети изнесувал **54,78%.**

Во Основниот суд Радовиш има **1.415** стари предмети заклучно со 2007 година и сите се извршни предмети.

Општа констатација е дека Основниот суд Радовиш во извештајната година работел ангажирано и ефикасно, што произлегува од фактот дека приливот на новопримени предмети е совладан, годината е завршена со нерешени **2.386** предмети во споредба со 2008 година, кога останале нерешени **3.570** предмети и во голем дел е намален бројот на извршните предмети.

Со оглед на тоа што да заостатокот од **1.415** предмети се извршни, се поставува прашањето за обемот и ангажираноста на судиите во овој суд по предавањето на извршните предмети кај извршителите. Основниот суд Радовиш работи во несоодветни просторни услови, бидејќи во истата зграда се наоѓаат и други институции.

Во тековното работење на судот има и субјективни и објективни слабости кои имаат одраз на ефикасното работење на судот во целина, така што во иднина треба да се направат напори за подобрување на општиот впечаток за успешно и ефикасно работење на судот.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

**Основниот суд Свети Николе** е суд со **основна надлежност.** Во овој суд на почетокот од 2009 година останале нерешени **1.283** предмети од претходната година. Во текот на годината примени се нови **4.151** предмет, што значи дека вкупно во работа имало **5.434** предмети. Во текот на годината решени се **3.947** предмети, а останале нерешени **1.487** предмети, што претставува заостаток кој овој суд може да го совлада за период од **4 месеци,** поради што може да се констатира Основниот суд Свети Николе е **ефикасен суд.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето во граѓанскиот и парничниот оддел, обжалени биле вкупно **179** предмети од кои потврдени **147** предмети или **82,1%,** што се оценува како одличен квалитет.

Што се однесува до ангажираноста на судиите, од податоците во извештајот, произлегува дека судиите кои постапувале во граѓанскиот и во вонпарничниот оддел решавале месечно по **25** предмети, што е во рамките на ориентационата норма. Меѓутоа, судиите во кривичниот оддел не решавале во рамките на ориентационата норма, а квалитетот во овој оддел е задоволителен.

Во прекршочниот оддел, судиите решавале помалку од ориентационата норма, а квалитетот е на задоволително ниво.

Општа констатација е дека Основниот суд Свети Николе работел ангажирано и ефикасно, меѓутоа потребно е уште поголемо ангажирање на судиите за да се постигне подобар квалитет, а исто така потребно е да се подобрат и просторните услови за работа, да се подобри техничката опременост на судот и да се пополнат соодветни работни места.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

**Основниот суд Струмица** е суд со **проширена надлежност.** Во Основниот суд Струмица од претходната година како нерешени предмети во извештајната година се пренесени **10.089** предмети, во текот на годината новопримени се **25.722** предмети, така што вкупно во работа во 2009 година биле **35.811** предмети. Во 2009 година биле **26.870** предмети, а останале нерешени **8.941** предмет. Во однос на претходната 2008 година, заостатокот е намален за **1.484** предмети или за **11,%.**

Заостатокот на предмети со кои Основниот суд Струмица ја завршил 2008 година, може да се реши за време од **6 месеци,** поради што овој суд спаѓа во категоријата на **ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** квалитетот на потврдените одлуки се движи од **66%** до **82,5%** по судија, што се оценува како добар и одличен квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** во парничните предмети квалитетот на потврдени одлуки по судија се движи од **55%** до **82%** или вкупно потврдени се **71,4%** на ниво на оддел, што се оценува како многу добар квалитет.

Квалитетот на потврдени одлуки во **прекршочните предмети** по судија се движи од **48,6%** до **64,8%** или вкупно на ниво на оддел потврдени се **51,5%,** што се оценува со оценка незадоволува.

Овие податоци во однос на квалитетот на решавањето покажуваат разлика во процентот на потврдени одлуки по судија, поради што треба да се вложат поединечни лични напори од судиите да се подобри квалитетот во пресудувањето.

Во однос на ангажираноста на судиите по оддели, во парничниот отсек не е совладан приливот и е зголемен бројот на нерешените предмети, кај работните спорови, стопанскиот отсек и стечајните предмети совладан е приливот и намален е заостатокот, кај кривичните предмети за полнолетни лица не е совладан приливот и е зголемен заостатокот, а по извршните, прекршочните извршни санкции не е совладан приливот и зголемен е заостатокот.

Состојбата со старите предмети во овој суд е следна:

Во граѓанскиот оддел останале вкупно **36** предмети од кои еден најстар е од 1997 година, а од нерешените стари кривични предмети вкупно **11** од кои еден предмет од 1998 година.

Општа констатација е дека во извештајната 2009 година, судот работел ангажирано иако не во целосен состав, решен е приливот на новопримени предмети и намален заостатокот за **1.484** предмети. Иако голем број од предметите кои останале нерешени се извршни и тоа **4.450** предмети, нивниот број е намален во однос на претходната година.

Во Основниот суд Струмица голем е бројот на непополнети места во администрацијата, а исто така и потребно да се пополни предвидениот број на судии како би се постигнале подобри резултати.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

**Основниот суд Штип** е суд со **проширена надлежност.** Во извештајната 2009 година, примени се вкупно **18.565** предмети и со останатите предмети од претходната година **10.586** предмети, во овој суд во работа имало вкупно **29.151** предмет. Од нив во текот на годината решени се **17.569** предмети, а останале нерешени **11.582** предмети, што упатува на заклучок дека приливот не е решен за **996** предмети.

Заостатокот од **11.582** предмети може да се совлада за време од **6,9 месеци,** поради што овој суд спаѓа во групата на **релативно ефикасни судови.**

Во однос на квалитетот на пресудувањето, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** од вкупниот број обжалени предмети **67,55%** се потврдени, што претставува добар квалитет.

Во однос на квалитетот на пресудувањето, од вкупно решените **1.168** парнични предмети во граѓанскиот оддел, обжалени се **262** предмети од кои потврдени се **177** или **67,55%,** што претставува добар квалитет.

Во **кривичниот оддел** од вкупно решените **546** предмети, обжалени се **159,** а потврдени се **89** предмети или **55,4%**, што се оценува како незадоволителен квалитет.

Во **прекршочните предмети** од решените **4.691,** обжалени се **693** предмети, од кои потврдени **461** предмет или **66,5%,** што се оценува како добар квалитет.

Во однос на ангажираноста на судиите споредено со 2008 година, просекот на решени предмети во кривичниот оддел, истрага, кривични полнолетни лица, во граѓанскиот оддел и во спорните парнични предмети, работните и стопанските спорови зголемен е бројот на просечно месечно решени предмети. Покрај ангажираноста Основниот суд Штип не успеал да го совлада приливот на новопримени предмети и решен е помал број на предмети во споредба со претходната година. Врз основа на искажаните податоци, се заклучува дека судот освен во решавањето на извршните предмети каде не бил активен, бил посебно ангажиран во решавањето на старите предмети.

Општа констатација е дека со пополнување на судиските места, може да се постигне поголема ефикасност во решавањето на предметите, а во иднина судиите треба да се ангажираат и за подобрување на квалитетот на одлуките, посебно кај кривичните предмети за полнолетни лица и во граѓанскиот оддел кај стопанските спорови.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**